ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА, по скратена постапка

Скопје, февруари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 07. 02. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia Org | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 742/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Јане Мицевски
Драгана Бојковска
Љупчо Прентов
Бране Петрушевски
Ели Панова
Марија Петрушевска
Лазовска Благица



2

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник на Република Македонија“ број 64/24), се уредува постапката за управување со привремено одземениот имот и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот и имотна корист како принос од кривично дело и одземените предмети во кривичната и прекршочната постапка, со трајно одземените предмети во управна постапка, како и основањето, надлежноста, управувањето, раководењето и другите прашања поврзани со работата на Агенцијата за управување со одземен имот.

Согласно Законот, управувањето со имотот го врши Агенцијата за управување со одземен имот, која има својство на правно лице и за својата работа одговара пред Владата на Република Северна Македонија.

Согласно членот 39 од Законот, одземените предмети и конфискуваниот имот со правосилна одлука Агенцијата ги продава, ги отстапува на други органи без надоместок, ги дава под закуп или ги уништува.

Согласно членот 40 од Законот , Агенцијата ги продава одземените предмети и конфискуваниот имот со правосилна одлука по правосилноста на одлуката. Но, Агенцијата може да одлучи да не ги продаде и истите да ги отстапи, по претходно добиена согласност од Владата , доколку станува збор за специфичен имот од поголема вредност или постојат оправдани економски или социјални интереси за отстапување на овие предмети.

Со одредбите понатаму е регулиран начинот на постапување во секоја од законски утврдените ситуации.

Со овој Предлог на закон ќе се овозможи, само и исклучиво за потребите на безбедноста и одбраната, со одлука на Владата да постои можност тие предмети да не бидат предмет на продажба и да бидат отстапени без надоместок на државните органи, што пред се е економски оправдано од аспект на Буџетот на државата. Од друга страна, со предложената законска одредба се овозможува Владата на државните органи во овие области да им обезбеди услови за повисок степен на ефикасноста во вршење на законски утврдениот делокруг на надлежности, како и јакнење на нивните капацитети.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Основна цел на предложениот Закон е да се овозможи исклучиво за потребите на безбедноста и одбраната, со одлука на Владата да постои можност тие предмети да не бидат предмет на продажба и да бидат отстапени без надоместок на државните органи, што пред се е економски оправдано од аспект на Буџетот на државата

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон за дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, нема да предизвика финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме по Предлог на закон за дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка да се расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

## Член 1

Во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник на Република Македонија“ број 64/24), во членот 40 по став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, не се спроведува постапка за продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот кои Владата на Република Северна Македонија со одлука ги отстапува на државни органи без надоместок, заради потребите на безбедноста и одбраната.“.

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на закон за дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, содржи 2 члена.

Со членот 1 се врши дополнување со нов став 4 во членот 40 од законот со кој ќе се овозможи, само и исклучиво за потребите на безбедноста и одбраната, со одлука на Владата да постои можност тие предмети да не бидат предмет на продажба и да бидат отстапени без надоместок на државните органи, што пред се е економски оправдано од аспект на Буџетот на државата. Од друга страна, со предложената законска одредба се овозможува Владата на државните органи во овие области да им обезбеди услови за повисок степен на ефикасноста во вршење на законски утврдениот делокруг на надлежности, како и јакнење на нивните капацитети.

Со членот 2 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка за потребите на безбедноста и одбраната, со одлука на Владата да постои можност тие предмети да не бидат предмет на продажба и да бидат отстапени без надоместок на државните органи, што пред се е економски оправдано од аспект на Буџетот на државата. Од друга страна, со предложената законска одредба се овозможува Владата на државните органи во овие области да им обезбеди услови за повисок степен на ефикасноста во вршење на законски утврдениот делокруг на надлежности, како и јакнење на нивните капацитети.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА, КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ

Продажба на одземени предмети и конфискуван имот

Член 40

Агенцијата ги продава одземените предмети и конфискуваниот имот со правосилна одлука по правосилноста на одлуката.

Агенцијата предметите од ставот 1 на овој член може да одлучи да не ги продаде и истите да ги остапи, по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија, доколку станува збор за специфичен имот од поголема вредност или постојат оправдани економски или социјални интереси за отстапување на овие предмети.

Во случаите од ставот 2 на овој член, Агенцијата се обраќа со барање за согласност од Владата на Република Северна Македонија, која е должна да даде согласност во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. Доколку Владата не даде согласност во определениот рок, Агенцијата ја спроведува постапката за отстапување на одземените предмети и конфискуван имот, согласно со членот 54 од овој закон.